Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................................2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство ....................................................................................................3

Број на работници во индустријата ....................................................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................................................................................................5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................................................................................................5

Инфлација ....................................................................................................6

Берзански цени ....................................................................................................8

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ....................................................................................................9

Увоз ....................................................................................................11

Салдо на трговска размена ....................................................................................................12

Валутна структура ....................................................................................................12

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација ....................................................................................................13

Буџетски расходи според економската класификација ....................................................................................................14

Буџетско салдо.. ....................................................................................................15

Расходи по буџетски корисници ....................................................................................................17

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....................................................................................................17

Плати ....................................................................................................18

Пензии ....................................................................................................19

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари ....................................................................................................20

Депозитен потенцијал ....................................................................................................21

Кредити на банките ....................................................................................................22

Каматни стапки на депозитни банки ....................................................................................................22

Пазар на капитал ....................................................................................................23

Девизни резерви ....................................................................................................23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2021 година

- Индустриското производство во февруари 2021 година забележа пад од 12,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во февруари 2021 година се зголемија за 1,9% во однос на февруари 2020 година;
- Во периодот јануари - февруари 2021 година, извозот забележа раст од 9,8%, а увозот раст од 4,4%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 11,4%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2021 година изнесуваа 31.242 милиона денари, односно 4,4% од БДП, што претставува пониско остварување за 0,3% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2021 година изнесуваа 36.719 милиони денари, односно 5,2% од БДП, што е за 3,1% повеќе во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните кредити на банките во февруари 2021 година се зголемија за 4,4% во споредба со февруари 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во февруари 2021 година забележа пад од 12,2% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во февруари 2021 година се јавува како последица на намаленото производство во сите три сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 11,2% (придонес од -8,9 п.п.), Рударство и вадење камен од 28,9% (придонес од -3,1 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 2,2% (придонес од -0,2 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во февруари 2021 година се јавува кај 8 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 17,5% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во февруари 2021 година е забележан кај производството на електрична опрема од 25,2% и придонес од 0,9 п.п., како и кај производството на машини и уреди од 11,0% и придонес од 0,7 п.п.. Од традиционалните гранки, во февруари 2021 година, производството на облека забележа пад од 29,8% (придонес од -2,4 п.п.), производството на тутунски производи опадна за 52,5% (придонес од -0,9 п.п.), а прехранбената индустрија забележа пад од 3,9% (придонес од -0,4 п.п.).

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Падот на производството според намената на произведените единици во февруари 2021 година е главно последица на намаленото производство на капитални производи од 19,7% (придонес од -4,2 п.п.), нетрајни производи за широка

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, февруари 2021 година)*




1 - Производство на хемикалии и хемиски производи
2 - Производство на електрична опрема
3 - Производство на машини и уреди
4 - Производство на производи од гума
5 - Печатење и продукција на снимени медиуми (записи)

Извор: ДЗС.

потрошувачка од 10,5% (придонес од -3,5 п.п.) и енергија од 28,4% (придонес од -3,4 п.п.).

**Графикон 1.36:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, февруари 2021 година)*




Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во првите два месеца од годината индустријата опадна за 12,8%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 10,4% (придонес од -8,2 п.п.), Рударство и вадење камен од -31,6% (придонес од -3,4 п.п.) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од -7,5% (придонес од -0,8 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на машини и уреди од 1,2 п.п. при раст од 19,8%, производството на хемикалии и хемиски производи од 0,7 п.п. при раст од 38,3%, како и производството на електрична опрема исто така од 0,7 п.п. при раст од 18,4%.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари – февруари 2021 година бележат сите гранки, освен Интермедијарни производи освен енергија, а падот е најизразит во гранките Капитални производи од 18,9% и придонес од -4,1 п.п., како и Енергија од 30,3% и придонес од -3,7 п.п..

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Бројот на работници во индустријата во февруари 2021 година е намален за 3,9%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 6,7%, Преработувачка индустрија од 3,7%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се производството на фабрикувани метални производи со раст од 12,3% и производството на остана транспортна опрема со раст од 9,7%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај интермедијарните производи освен енергија од 4,8% и нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – февруари 2021 година бележи пад од 3,8%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 7,0%, Преработувачка индустрија од 3,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во 2021 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит кај групата Интермедијарни производи освен енергија од 4,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2021 година е поповолна во однос на јануари 2021 година, а понеповолна споредено со февруари 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 70,7% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 69,4%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 0,7 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во февруари имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,7%, неизвесното економско окружување со 16,5%, недоволната домашна побарувачка со 14,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 14,8%, финансиските проблеми со 10,2% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари 2021 година споредено со претходниот месец е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2021 година издадени се вкупно 346 одобренија за градење, што претставува раст од 39,5% споредено со февруари 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 73,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во

февруари 2021 година во однос на истиот месец 2020 година е повисока за 50,4%, а на месечна основа е повисока за 2,3 пати.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 205 (или 59,2%) се наменети за објекти од високоградба, 31 (или 9,0%) за објекти од нискоградба и 110 (или 31,8%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 346 издадени одобренија за градба, на 214 објекти (или 61,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 132 објекта (или 38,1%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(февруари 2021)*




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во февруари 2021 година предвидена е изградба на 907 станови, со вкупна корисна површина од 78.721 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е петкратно зголемен, а на годишно ниво за 2,7 пати.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари 2021 година се зголемија за 1,9% во однос на февруари 2020 година, забрзувањето на растот на стапката на инфлација најмногу произлегува од зголемувањето на цените на храната, алкохолот и тутунот, а во дел и од растот на цените на енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август 2020 година со одлука на РКЕ за 7,4%). Стапката на инфлација во првите два месеца од 2021 година изнесува 1,9%. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да остане стабилна и да оди во нагорна линија меѓутоа сè уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, како резултат на вториот бран од пандемијата на ковид-19.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Стапката на инфлација во еврозоната регистрира раст во февруари и изнесува 0,9% на годишно ниво (во јануари, исто така, годишната стапка на инфлација изнесуваше 0,9%), при што категоријата храна, алколол и тутун има најголем позитивен придонес од 1,4%, следен со порастот на цените на услугите од 1,2% и неенергетските индустриските добра од 1,0%.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во февруари 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 2,0% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на порастот на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Маслото (14,0%), како и на цените на Овошјето (3,2%), на Прехранбените производи (3,0%) и на Зеленчукот (2,4%). Највисок годишен раст на цените во февруари 2021 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,8%, следен со порастот на цените на Ресторани и хотели од 5,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,4%, Здравствена заштита од 2,7%, Разновидни стоки и услуги од 1,4%, Рекреација и култура од 1,0%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,6% и Образование од 0,1%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 3,9%, Облека и обувки од 1,0% и Комуникации од 0,1%.

Потрошувачките цени во февруари 2021 година се зголемија за 0,1% на месечно ниво (претходниот месец потрошувачките цени се намалија за 0,2% на месечно ниво). Раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 0,4%, Здравствена заштита и Транспорт од по 0,3%, Рекреација и култура од 0,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Комуникации од по 0,1%.

Намалување на цените на месечно ниво е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,2%, Ресторани и хотели од 0,7% и Образование од 0,5%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во февруари 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 1,8%, додека на месечна основа останаа непроменети.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2021 година споредено со претходниот месец се зголеми за 13,6% и изнесува 62,0 долари за барел, со што го достигна нивото пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година, индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното (Графикон 1.11.), по што следеше генерално нагорен тренд на движење до крајот на годината, но и на почетокот на 2021 година. Цената на нафтата на годишна основа, исто така, бележи раст од 12,7%.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сѐ до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст се задржа до крајот на 2020 година, а продолжи и во 2021 година, со месечен раст од 32,8% во февруари.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд што се задржа до крајот на годината, и продолжи и во 2021 година, со раст од 4,0% во февруари. Во однос на февруари 2020 година, цената на никелот се зголеми за 46,2%. Покрај никелот, месечен раст на цената во февруари забележаа и другите основни метали. Така, цената на калајот порасна за 20,1%, а на бакарот за 6,3%, со што во февруари достигнаа историски највисоко ниво на цените во последните 10 години. Цената на алуминиумот се зголеми за 3,7%, на оловото за 3,2% и на цинкот за 1,4%. Во февруари 2021 година, цената на железната руда се намали за 2,9% споредено со јануари 2021 година.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна највисока цена на светските берзи во историјата, по што следеше надолен тренд на движење на истата сè до крајот на годината. На почетокот на 2021 година цената на златото порасна, а во февруари забележа месечен пад од 3,2%. Цените на платината и на среброто во февруари споредено со јануари 2021 година се зголемија за 10,6% и 5,5%, соодветно.

Цената на пченката на светските берзи во февруари 2021 година се зголеми за 4,6% на месечна основа, а цената на пченицата за 0,1%.

## *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2021 година изнесува 2.441,2 милиона евра и бележи раст од 6,7% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - февруари 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,6 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 61,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите два месеца од 2021 година изнесува 29,1% и е зголемено за 2,7 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - февруари 2021 година изнесува 1.072,5 милиони евра и бележи раст од 9,8% (95,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,9%.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Вредноста на извезените стоки во февруари 2021 година изнесува 545,2 милиона евра и бележи раст од 4,9% (25,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот остана непроменет.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2021 година извозот бележи раст од 3,4% (17,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 2,2%.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,5% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - февруари 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

---

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 11,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 5,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 82,1% и 8,9% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - февруари 2021 година изнесува 1.368,6 милиони евра и бележи раст од 4,4% (57,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 10,6%.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во февруари 2021 година изнесува 745,0 милиони евра, што претставува раст од 3,5% (25,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се намалени за 1,7%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2021 година увозот бележи раст од 19,5% (121,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 6,4%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2020 | I-II-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8.8 | 7.9 | -0.9 | -10.4 |
| Мил. ЕУР | 192.5 | 265.0 | 72.4 | 37.6 |
| Мил. $ | 211.6 | 321.6 | 110.0 | 52.0 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2020 | I-II-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5.4 | 5.1 | -0.3 | -5.0 |
| Мил. ЕУР | 32.7 | 36.5 | 3.9 | 11.8 |
| Мил. $ | 35.9 | 44.3 | 8.4 | 23.2 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2020 | I-II-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 134.6 | 122.8 | -11.8 | -8.8 |
| Мил. ЕУР | 102.3 | 107.9 | 5.6 | 5.4 |
| Мил. $ | 112.6 | 130.9 | 18.3 | 16.3 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2020 | I-II-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 141.7 | 108.1 | -33.5 | -23.7 |
| Мил. ЕУР | 63.7 | 59.3 | -4.5 | -7.0 |
| Мил. $ | 70.2 | 71.8 | 1.7 | 2.4 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2020 | I-II-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11.2 | 14.1 | 2.8 | 25.3 |
| Мил. ЕУР | 156.7 | 160.5 | 3.8 | 2.4 |
| Мил. $ | 172.4 | 194.7 | 22.2 | 12.9 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2020 | I-II-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10.8 | 10.2 | -0.6 | -5.3 |
| Мил. ЕУР | 125.2 | 120.2 | -5.0 | -4.0 |
| Мил. $ | 137.7 | 145.8 | 8.1 | 5.9 |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - февруари 2021 година, трговскиот дефицит се намали за 11,4% односно 38,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во февруари 2021 година, трговскиот дефицит се намали за 0,1% односно 0,1 милион евра споредено со февруари 2020 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, горива и мазива и храна и пијалаци. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - февруари 2021 година, 87,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, а потоа следуваат: Кина, Грција, Србија, Турција, Полска, САД, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Холандија, Унгарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,1% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 6,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,0% и 88,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,2 п.п., додека кај увозот е зголемена за 9,8 п.п. во однос на периодот јануари - февруари 2020 година.

Табела 2. 2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македониј а ( по валути) ; пресметки на МФ

| увоз | I - II - 2020 | | | | | I - II - 2021 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност ( во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 698. 8 | 1, 035, 502, 140 | 61. 5705 | 63, 756, 384, 518 | 79. 0 | 666. 3 | 1, 215, 678, 236 | 61. 6393 | 74, 933, 555, 496 | 88. 8 | 180, 176, 096 | 17. 4 |
| УСД | 414. 9 | 288, 807, 095 | 55. 9131 | 16, 148, 099, 967 | 20. 0 | 330. 1 | 171, 808, 059 | 50. 7779 | 8, 724, 052, 436 | 10. 3 | -116, 999, 036 | - 40. 5 |
| ГБП | 0. 8 | 3, 262, 542 | 72. 8654 | 237, 726, 401 | 0. 3 | 0. 3 | 2, 509, 272 | 69. 7646 | 175, 058, 339 | 0. 2 | -753, 270 | - 23. 1 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 1, 114. 6 | | | 80, 142, 210, 886 | 99. 0 | 996. 6 | | | 83, 832, 666, 271 | 99. 4 | | |
| вк извоз: | 1, 116. 8 | | | 80, 728, 864, 992 | 100. 0 | 998. 9 | | | 84, 377, 118, 850 | 100. 0 | | 4. 5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2021 година изнесуваа 31.242 милиона денари, односно 4,4% од БДП, што претставува пониско остварување за 0,3% во однос на истиот период од 2020 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 17.803 милиони денари и се идентични како и во периодот јануари – февруари 2020 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество од 47,8% во вкупните даночни приходи има Данокот на додадена вредност, остварен во износ од 8.512 милиони денари, што претставува зголемување од 3,6% во однос на периодот јануари - февруари 2020 година. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 12.502 милиона денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 3.989 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 4,2%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 17,6% споредено со јануари - февруари 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 5,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 3,0%.

Акцизите се остварени во износ од 3.713 милиони денари (учество од 20,9% во даночните приходи), што претставува намалување од 6,1% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 12.225 милиони денари, што претставува 68,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - февруари 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 2.737 милиони денари и бележат пад од 5,3% на годишна основа, при што 69,4% од приходите се од плата и други лични примања, 8,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,0% од приходи по основ на договор на дело, 5,5% од приходи од капитал и 9,5% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 1.646 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 11,4% во однос на истиот период претходната година, главно поради позитивните остварувања во даночните биланси, додека данокот по месечни аконтации се намали за 3,3%.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.099 милиони денари и забележаа намалување од 5,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 96 милиони денари забележаа намалено остварување за 5,9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 10.397 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 1,7% споредено со истиот период од 2020 година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 1,9%, кај придонесите за здравствено осигурување за 1,4% и кај придонесите за вработување за 0,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 2.205 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа пониско остварување за 3,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 125 милиони денари, што е намалување од 63,8% во однос на периодот јануари – февруари минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 533 милиони денари и се зголемени за 14,1% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2021 година изнесуваа 36.719 милиони денари, односно 5,2% од БДП, што е за 3,1% повеќе во однос на истиот период од 2020 година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 34.263 милиони денари учествуваа со 93,3% и се намалени за 0,7% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 4.993 милиони денари што претставува зголемување за 2,3% во однос на периодот јануари - февруари претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.428 милиони денари и споредено со истиот период минатата година забележаа зголемување од 12,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 25.363 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа пониска реализација за 1,8% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 69,1% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 19.057 милиони денари, забележаа зголемување од 6,4% и учествуваа со 51,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 11.798 милиони денари, што е зголемување за 5,2% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 32,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,0%, при што се намалија за 21,1% и се реализирани во износ од 5.875 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.182 милиона денари забележаа зголемување од 1,6% во споредба со периодот јануари - февруари претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 2.320 милиони денари што е за 40,8% помалку споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.479 милиони денари, што е за 9,2% помалку во споредба со истиот период од 2020 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 6,2%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 15,4%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 2.456 милиони денари, со структурно учество од 6,7% во вкупните расходи, при што забележаа двојно повисока реализација во споредба со периодот јануари - февруари 2020 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии – функции на држава, во износ од 2.696 милиони денари, односно 55,0% од планираните за 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - февруари 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 7.578 милиони денари што претставува 12,2% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (2.974 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

со учество од 39,2%. За капитални расходи се издвоени 2.696 милиони денари (55,0% од планираното), односно 35,6% од вкупните расходи на овој буџетски корисник. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 19,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.454 милиони денари, или 15,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - февруари 2021 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во првите два месеца од 2021 година реализираше 8.442 милиона денари или 15,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 5.914 милиони денари или 16,2% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,8% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 15,5% (1.844 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 4.047 милиони денари, што е 14,9% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (66,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 2.709 милиони денари или 16,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 15,7%, за што се потрошени 637 милиони денари, односно 14,9% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 1.655 милиони денари, што претставува 13,8% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 79,8%, за што се потрошени 1.320 милиони денари или 16,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 13,2%, за што се реализирани 219 милиони денари или 8,8% од годишниот план.

Министерството за одбрана во периодот јануари - февруари 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 1.188 милиони денари, што е 10,7% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 57,5%, за што во овој период се реализирани 683 милиони денари (16,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 26,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 317 милиони денари, односно 11,9% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите два месеца од 2021 година реализираше вкупно 406 милиони денари, односно 5,8% од планираните средства



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 54,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 223 милиони денари (4,0% од предвидените средства).

Министерството за здравство во периодот јануари - февруари 2021 година изврши буџетски средства во износ од 1.554 милиони денари, што е 23,2% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 56,6%, за што во овој период се потрошени 880 милиони денари или 28,2% од средствата наменети за 2021 година.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 338 милиони денари, што е 6,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 5,5% од предвиденото (245 милиони денари).

Во периодот јануари - февруари 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 1.277 милиони денари што претставува 24,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со 70,5% во вкупните расходи, реализирани се 21,4% од планираните средства, односно 900 милиони денари. Втора најважна ставка е капитални расходи, за којашто се реализирани 360 милиони денари (36,3% од предвиденото), што е 28,2% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – февруари 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 5.477 милиони денари, што претставува 0,78% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.375 милиони денари и претставува 0,76% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - февруари 2021 година во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 27.353 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 24,6% во однос на периодот јануари - февруари 2020 година.

Од вкупниот број нововработени 39,9% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во февруари 2021 година, 24,8% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во февруари 2021 година изнесува 250.308, од кои 159.608 се активни баратели на работа, а 90.700 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 30,4%. Силниот пораст на невработеноста што започна од април 2020 година е предизвикан од здравствено-економската криза, којашто негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори. Бројот на невработени лица континуирано се зголемува од почетокот на претходната година, главно како резултат на активните баратели на работа, додека бројот на останатите невработени воиститот период се зголемува со послаб интензитет.

Најголем дел од активните невработени лица (62,6%) се градско население, а според половата структура бројот на невработени мажи и жени е речиси идентичен. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,5% од невработените, се со непотполно средно образование или помалку, 26,8% се со завршено средно образование, додека 9,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 51,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2021 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,1%. Најголем раст на

просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (12,4%), Уметност, забава и рекреација (8,4%) и Информации и комуникации (8,3%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 0,8%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2021 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (12,4%), Информации и комуникации (8,5%) и Уметност, забава и рекреација (8,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 0,8%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во февруари 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.689 пензионери, што претставува зголемување од 0,5% во споредба со истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на пензионери е зголемен за 1.340 лица. Од вкупниот број пензионери, 67,2% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,8% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во февруари 2021 година изнесува 15.607 денари и е за 2,2% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

пензија со просечната исплатена плата во јануари 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,3%.

Просечната старосна пензија во февруари 2021 година изнесува 16.873 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.108 денари, а просечната семејна пензија 12.549 денари. За исплата на пензиите во февруари 2021 година се потрошени 4.934 милиони денари, што претставува 50,7% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (февруари 2021 година)




Извор: НБРСМ.

Во февруари 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на пандемијата поради условите коишто произлегуваат од мерките за спречување на ширењето на коронавирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во февруари 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 23,1% споредено со февруари 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 31,3% и зголемување на готовите пари во оптек за 16,7%. На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 6,6%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 16,5%, додека готовите пари во оптек регистрираа намалување од 0,7%.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Депозитен потенцијал[7]

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупните депозити на банките во февруари 2021 година се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија останаа непроменети, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 1,3%.

Од аспект на валутата, во февруари 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,0%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 0,7%.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2021 година оствари раст од 7,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 5,4% и 9,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво, овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 18,0% и 5,2%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,3%, а долгорочните депозити се намалија за 6,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,7%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *436.236* | *0,9%* | *7,1%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *260.331* | *1,0%* | *5,4%* |
| *Странска валута* | *175.905* | *0,7%* | *9,7%* |
| Според рочност: | | | |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *181.366* | *0,2%* | *5,3%* |
| *Долгорочни* | *103.106* | *-0,2%* | *-6,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***358.476*** | ***0,4%*** | ***4,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *210.001* | *0,5%* | *4,5%* |
| *Странска валута* | *148.475* | *0,4%* | *4,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *58.228* | *2,6%* | *-3,1%,* |
| *Долгорочни* | *284.114* | *0,2%* | *7,4%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.703* | *-3,1%* | *-29,2%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во февруари 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,4% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,3%, како и кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 0,5%. Од аспект на валутата, во февруари 2021 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,5% и 0,4%, соодветно.

На годишна основа, во февруари 2021 година вкупните кредити се зголемија за 4,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,1% и раст на кредитите кон претпријатијата од 1,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,5%, а кредитите во странска валута за 4,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,4%, а краткорочните кредити се намалија за 3,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,61%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за по 0,01 п.п. и изнесуваат 4,99% и 4,16%, соодветно.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари 2021 година изнесува 0,92% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматните стапки на

денарските и девизните депозити се намалени за по 0,01 п.п. и изнесуваат 1,30% и 0,53%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2021 година вкупниот промет на берзата се зголеми за 2,7 пати (170,5%) на месечно ниво како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 3,2 пати (219,7%) и растот на прометот од класичното тргување за 2,5 пати (155,4%).

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2021 година изнесуваше 1.004,5 милиони денари и истиот е зголемен за 26,3% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на февруари 2021 година изнесуваше 5.006,57 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 2,3%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 7,1%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на февруари 2021 година изнесуваа 3.298,00 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 1,1%, а во однос на февруари 2020 година регистрираа раст од 6,9%.